Совет на Општина Делчево
Број 09-198/1
30.01.2026 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Четврта седница на
Советот на Општина Делчево

Четврта седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 30.01.2026 година, во Мултифункционалниот центар, со почеток во 09:00 часот.

На Седницата присуствуваа сите 15 советници, образлгачите на точките и претставници на медиумите.

За 4. седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

Дневен ред
-Усвојување на Записник од Третата седница

1.Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Николчо Стојменовски-претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот;
2. Предлог-Решение за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО;
3. Измени и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;
4. Решение за именување членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
5. Решение за именување членови во Управен одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
Образлагач: Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи и ЛЕР.

6.Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на национална установа центар за култура (НУЦК) „Никола Јонков Вапцаров“-Делчево;
7. Предлог-Одлука за давање на времено користење движна ствар –ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“-Делчево;
Образлагач: Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината.
8.Предлог-Програма за извршување на јавни работи за 2026 година;
9.Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година;
Образлагач: Џулиета Мемедова – Соработник за безбедност и здравје при работа.
10.Предлог-Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година;
11. Предлог-Одлука за именување на членови на Совет за социјална заштита на Општина Делчево;

12. Предлог-Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2026 година;
13. Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси.
14.Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавност.
15. Предлог-Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;
16.Предлог-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје;
17. Предлог-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.
18. Предлог-Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево;
Образлагач: Драган Балас-Раководител на Регионален центар за управување со кризи-Делчево.
19. Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Дарко Тасевски;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево.
20.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Стојне Величков;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.3 по барање на Стојне Величков;
22 . Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект со намена Ф5-други објекти на земјоделско земјиште зграда бр.1 по барање на Горанчо Иванов;
Образлагач: Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште.
23. Предлог-Одлука за верификација на мандат на членови на Совет за млади;
Образлагач: Милена Багевска-Службеник за млади.
24. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година;
Образлагач: Анита Цоневска-Претседателка на Организација ЖЕНА Делчево.
25. Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-161/1 од 20.01.2026 година;
Образлагач: Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево.
26.Предлог Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година;
27.Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;
28. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година;

Образлагач: Звонко Ататанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

29. Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;
Образлагач: Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување.

30. Решение за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" Делчево;
Образлагач: Виолета Гиздовска-Вршител на должноста директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.
31. Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС"-ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици);
Образлагач: Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината.
32. Предлог-Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година;
Образлагач: Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
33.Прашања и предлози на членови на Совет;

Прва точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот кој истакна дека оваа Програма се изработува секоја и ги содржи сите делови кои обично ги содржи секоја програма. Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2026 година. Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2026 година. Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет. Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи. Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2026 година е како што следува во материјалите

што ги имате, дозволете ми да ги прочитам, истакна претседателот на Советот и ги прочита сите точки предвидени со оваа програма.

Потоа беше отворена расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој предложи да се изврши во корекција во Програмата кај точка 7. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2026 година бидејќи денес е 30 јануари, а оваа Програма не е на дневен ред.

Катерина Величковска рече дека во Програмата за работа на Совет за 2026 треба да се додаде Разгледување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо" за 2025 година.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање со предлозите за дополнување од Игор Гошевски и Катерина Величковска.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2026 година.

Втора точка-Предлог-Решение за назначување ликвидатор на Локален историски, археолошки, етнолошки и природно-научен МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО;

Точката ја образложи Ивана Ивановска која рече дека оваа одлука се донесува врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа, член 35 став 3 од Законот за установи, а во врска со член 3 од Одлуката за престанок со работа на Локален историски, арехеолошки, етнолошки и природно-научен –МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО. Според оваа одлука за ликвидатор се назначува Ванчо Новоселски од, досегашно овластено лице за застапување како ликвидатор на Локален историски, арехеолошки, етнолошки и природно-научен –МУЗЕЈ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО.

Ликвидаторот од член 1 на ова Решение е должен да ја спроведе постапката на ликвидација согласно Законот за установи, Законот за облигациони односи и другите важечки прописи, да ги утврди имотот, обврските и побарувањата, да ја изготви поребната документација, да го организира преносот на музејските предмети, да достави завршен ликвидациски извештај.

Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА" и 4 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Трета точка Измени и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помо, на предлог на градоначалникот се предложени неколку измени и тоа:

- во член 3 став 1 точка 9 сврзникот „и" на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 10. точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка

По точката 10 се додаваа две нови точки 11 и 12, кои гласат:

11.Еднократна парична помош за онколошки пациенти и

12. Еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија.

Птоа во членот 5 се додаваат два нови член 5-а и 5-б кои гласат:

5-а

Еднократна парична помош за онколошки пациенти

Право на еднократна помош за онколошки пациенти *имаат* физички лица жители на општината, заболени од малигни заболувања кои се наоѓаат во активен процес на лекување, односно примање на онколошка терапија, со цел ублажување на трошоците поврзани со лекување и рехабилитација.

Висината на паричната помош изнесува 10.000 денари.

Постапката за доделување парична помош за онколошки пациенти се поведува со поднесување писмено барање до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за онколошки пациенти е:

- важечка лична карта на барателот;
- Медицинска документација (специјалистички упати, наоди од специјалист, извештај за историјат на болеста, отпусни листи, медицински потврди од соодветни здравствени установи дека во моментот на поднесување на барањето прима или ќе прима онколошка терапија и слично);
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Правото на оваа помош може да се оствари еднаш во текот на календарската година.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување еднократна парична помош за онколошки пациенти.

Член 5-б

Еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија

Право на еднократна помош имаат ученици со постојано живеалиште на подрачјето на општината, на кои им е дијагностицирана мускулна дистрофија, со цел поддршка во покривање на трошоците за придружба при процесот на бањско лекување кој е неопходен за нивна медицинска рехабилитација.

Висината на паричната помош изнесува 20.000 денари.

Постапката за доделување парична помош за ученици со мускулна дистрофија се поведува со поднесување писмено барање од родител/старател до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото на еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија:

- важечка лична карта на барателот;
- Потврда за запишан ученик заверена од основните или средното училиште;

- медицинска документација со потврдена дијагноза и препорака за рехабилитациски третман,
- трансакциона сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Правото на оваа помош може да се оствари еднаш во текот на календарската година.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува Решение за доделување еднократна парична помош за ученици со мускулна дистрофија.

Член 14 се менува и гласи:

По поднесени барања за доделување на парична помош од член 4, член 5, член 5-а, член 5-б член 6, член 7, член 11, член 11-а и член 12 на овој Правилник одлучува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата за доделување на парична помош.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека овие измени на Правилникот се катастрофални бидејќи висините на еднократната парична помош за онколошки пациенти и за ученици со мускулна дистрофија се мали, ниски. Овие средства што како Општина ги нудите се малку, не се доволни и со нив, за жал оваа група на пациенти, не може ништо да направи.

„Не знам кој ги определува и предлага овие износи, во услови кога се покачува платата на администрацијата и кога предвидувата 17 нови вработувања, правите измени на Правилник со смешно ниски износи за помош", рече тој.

Ивана Ивановска рече дека таа кажала дека предлозите за измена се по барање на градоначалникот на Општината, тој се јавува и како предлагач на овој Правилник кој е усогласен со Програмата за социјална заштита која е исто така на дневен ред на денешната седница. Финансиските средства потребни за реализација на овие средства се исто така предвидени во Програма за социјална заштита.

Претседателот на Советот рече за жал се повеќе има лоши дијагнози и секако дека треба да им се помогне, за жал финансиската ситуација на Општината е таква каква што е. Што се однесува до вработувањата тоа е само план, планирани се, а дали ќе се реализира тоа и колку е прашање, истакна тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ги донесе Измените и дополнувањата на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош.

**Четврта точка-Решение за именување членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности која рече дека согласно Извештајот од спроведената селекција и изготвената Ранг листа кои беа доставени до претседателот на Советот, е

изготвен ова Решение за именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево и тоа:

- Сања Атанасова од областа на финансиско работење;
- Николче Трајановски од областа на правните работи и
- Лидија Јовановска од областа на дејноста на јавното претпријатие.

Претседателот отвори расправа по точката.

Процедурално за збор се јави Игор Гошевски кој побара пауза од половина час и побара да се достават записниците од комисиите.

Претседателот даде пауза од половина час.

По паузата, беа доставени бараните материјали и седницата продолжи.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ 2 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, 1 се изземал од гласање и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување членови во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Петта точка-Решение за именување членови во Управен одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности дека во врска со овој Јавен повик имало 10 пријави, од кои 1 е со неуредна документација, а другиот се откажал. Согласно Извештајот од спроведената селекција и изготвената Ранг листа кои беа доставени до претседателот на Советот, е изготвен ова Решение за именување на членови на Управен одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево и тоа:

- Илчо Илиев
- Татјана Стојковска
- Даниела Стоичова
- Наташа Спасевска Ристова, од областа на финансиско работење и
- Дејан Димитровски, од областа на правни работи.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека во поделените дополнителни материјали има техничка грешка, во името на Илчо Илиев.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ 3 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување членови во Управен одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево;

Шеста точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари-службени простории на национална установа центар за култура (НУЦК) „Никола Јонков Вапцаров“-Делчево;

Оваа точка ја образложи Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината.

Таа рече дека со оваа одлука на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчево се даваат на трајно користење службени простории во Спомен-домот „АСНОМ“ и тоа:

- Просторија 1 со површина од 34.11 м2;
- Просторија 3 со површина од 5.87 м2;

- Просторија 4 со површина од 7.4 м2;
- Просторија 5 со површина од 19.28 м2;
- Просторија 6 со површина од 3.43 м2;
- Просторија 7 со површина од 28.34 м2 и
- Просторија 20

Недвижните ствари опишани во член 1 на оваа Одлука се наоѓаат во Спомен-домот „АСНОМ“, тие се сопственост на Општина Делчево и се даваат на трајно користење без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчево. Во оваа одлука просторијата 2 и просторијата 8 кои биле дадени на користење на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ сега со оваа одлука се враќаат на Општината, рече таа.

Општина Делчево и НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Делчево со дефинирање на правата и обврските на двете договорни страни и дека составен дел на оваа Одлука е графички прилог на недвижните ствари.Користењето на недвижните ствари може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварите се користат спротивно на намената и извршувањето на работите за кои се дадени.Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање на користење ствари без надоместок на НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“- Делчево број 07-547/1 од 23.02.2011 година донесена од Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, аточката ставена на гласање.

Со 14 гласа ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Седма точка-Предлог-Одлука за давање на времено користење движна ствар –ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“-Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината која истакна дека со оваа одлука на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево се дава на времено користење ФАП ТОВАРНО СПЕЦИЈАЛНО ПРОТИВПОЖАРНО возило, тип 13 цистерна за вода, регистарски број DE 0148 AC; сила на моторот 145 kw (возило на ТППЕ) сопственост на Општина Делчево.

Движната ствар од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење без надомест за службени потреби и извршување на надлежностите на претпријатието.

Трошоците за користење и одржување, сервисирање, осигурување и регистрација се на товар на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека со оваа одлука се дава на користење противпожарно возило ФАП на ЈКП „Брегалница“ и праша што доколку се јави потреба да оди на интервенција за пожар, бидејќи во периодот од мај до ноември има ризици од пожар, дали би се користело за гаснење на пожар во градот ако има потреба?

Стефанија Стојчевска рече дека ова возило слабо или ретко се користи за гаснење на пожари бидејќи постои можност од негово превртување кога цистерната е полна. Од тие причини се дава на времено користење на ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Претседателот на Советот рече дека ова возило е доста старо и истото нема капацитет да се движи по стрмни терени.

Тони Стаменковски рече дека тој праша дали ФАП-от би се користел за гаснење на

пожари во градот, а не по стрмни терени?

Претседателот на Советот рече дека советникот треба да достави прашање до командирот на ТППЕ доколку сака одговор на ова прашање.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа точка.

Осма точка-Предлог-Програма за извршување на јавни работи за 2026 година;

Точката ја образложи Џулиета Мемедова – Соработник за безбедност и здравје при работа која истакна дека ваа програма има за цел да го подобри квалитетот на живеење на граѓаните кои живеат на територијата на општината преку ангажирање на невработените лица од социјален ризик на возраст од 30 години до 64 години преку нивно директно извршување на задачи од областа на заштитата на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на Општина Делчево,планирање и чистење на банкини,патни канали,патниот појас на локалната мрежа во Општина Делчево,кастрење на вегетацијата,чистење на наноси од земја и песок.Горе наведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината,заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Конкретно со оваа програма ќе се ангажираат 20 лица во период од 4 часа дневно, почнувајќи од февруари до декември. За нивната работе ќе примаат 800 денари по час или 17.600 месечно. Ангажираните лица ќе бидат невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување кои ќе бидат избрани врз основа на посредување,преку формирање на Комисија за селекција која се состои од вработени лица во Општина Делчево,Агенцијата за вработување-Центар Делчево и ЈМУЦентар за социјална работа град Делчево.Општина Делчево како организатор на јавните работи од Буџетот на општината ќе ги финансира сите трошоци за извршување на јавните работи кои се однесуваат мал алат и опрема,ситен потрошена материјал и надоместок за извршување на јавните работи. Ангажираните лица осигурани се во случај на несреќа преку економски оператор кој го има изберено Општина Делчево за вршење на ваков вид на услуги во висина од 100,00 МКД, и пресметаниот персоналниот данок се на товар на Општината, а средствата за еден месец се обезбедени од страна на АВРМ. Оваа програма се имплементира во нашата општина од 2005 година, доколку имате прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој ја праша образлагачот што со оваа Програма доколку нема доволно средства, бидејќи истакнала дека за 1 месец средства се обезбедуваат од страна на Агенцијата за вработување.

Џулиета Мемедова рече дека доколку нема средства, нема да се реализира програмата, инаку сите граѓани на Делчево можат да видат дека тие луѓе навистина работат и си ја вршат работата како што треба, дури повеќе и од некои вработени во ЈКП „Брегалница“.

Игор Гошевски праша од кои програми и од кои ставки ќе бидат обезбедени предвидените средства во износ од 6.224.480 денари, имајќи предвид дека во Буџетот, во рамки на Програмата за социјална заштита (каде што припаѓа и програмата за јавни работи), се предвидени само 1.417.000 денари.

Џулиета Мемедова рече дека на седницата не може да даде точен одговор, но ќе се потруди да му одговори на советникот писмено.

Игор Гошевски побара писмен одговор на неговото прашање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за извршување на јавни работи за 2026 година.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на деца Роми на возраст од 3-6 години за престој во детските градинки што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Џулиета Мемедова – Соработник за безбедност и здравје при работа која истакна дека ова одлука исто така се донесува секоја година, а е резултат на Договор за соработка за поддршка на проектот “Инклузија на деца Роми во јавните општински установи –детски градинки“во Република Северна Македонија. Со оваа одлука Советот на Општина Делчево донесува Одлука за ослободување од партципација на деца Роми на возраст од три до шест години што се во социјален ризик за учебната 2025/2026 година во ОЈУДетска Градинка“Весели Цветови“Делчево.Ослободувањето од партиципација се однесува на петнаесеет (15) деца Роми и трошоците за престој на децата во ОЈУДетска Градинка“Весели Цветови“ќе бидат покриени од блок дотацијата што ја добива Општина Делчево од Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која праша дали со оваа одлука се опфатени сите дечиња Роми кои се во социјален ризик?

Џулиета Мемедова рече дека со оваа одлука се опфетни сите дечиња (15).

Тони Стаменковски рече дека оваа одлука е за пофалба, дека ќе ја поддржи и се надева дека во иднина ќе бидат ослободени од партиципација сите дечиња што се во детската градинката.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Десетта точка-Предлог-Програма за социјална заштита на Општина Делчево за 2026 година;**

Оваа точка ја образложи Сузана Петровска- Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која истакна дека оваа Програма поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита. Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво. Самата програма во себе ги содржи сите делови што ги содржат сите програми и тоа воведен дел (општи карактеристики на градот Делчево и општината), потоа појдовната основа – тука се наведени сите закони, подзаконски акти, правилници, Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други

закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита. Во Програмата исто така се дадени податоци за образовните и воспитно-образовните институции во општината, за здравствените и АВРМ, за невладините здруженија и хуманитарните организации кои работат и делуваат на подрачјето на нашата општина. Во делот V на Програмата се дадени активностите кои се предидуваат со Програмата за социјална заштита за 2026 година: *Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица, Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот, Социјална заштита на стари и изнемоштени лица, преку социјалната услуга помош и нега во домот, Помош и грижа за лица со посебни потреби, Детска заштита/Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание и Промовирање на нови социјални услуги и тоа: услуги за информирање и упатување, услуги за помош и нега во домот , услуги за лична асистенција, услуги во заедницата и услуги за вонсемејна заштита.*Исто така со оваа Програма се предвидуваат: Услуги за информирање и упатување, Услуги на стручна помош и поддршка, Услуги на советување, Услуги за помош и нега во домот, Услуги за лична асистенција, Услуги во заедницата, Услуги за вон- семејна заштита. Во делот VI е даден табеларен приказ на сите активности во оваа Програма, како и финансиските средства предвидени за секоја активност. Во продолжение на своето образложение таа истакна дека поголем дел од паричните износи за мерките како што се за новороденче, првородено дете, се зголемени во однос на 2025 година. Исто така од оваа година со оваа Програма се предвидени нови мерки се однесуваат на следните категории на граѓани: еднократна парична помош за еднородителски семејства во износ од 10.000 денари, еднократна парична помош за лекување на онколошки пациенти во износ од 10.000 денари и еднократна парична помош за рехабилитација на ученици со мускулна дистрофија во износ од 20.000 денари.Таа истакна дека финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево. Вкупниот буџет изнесува 13.689.339 ден., од кои од Буџетот на Општина Делчево 10.832.339 ден., а од Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија и други 2.857.000 ден. За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.Таа истакна дека оваа Програма е усогласена и со сите други програми кои ги разгледувавте на дневен ред или беа донесени на претходните седници и е со најголем буџет од сите и очекуваме да се реализира истата. Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека кога се зборува за Програма за социјална заштита не се зборува за бројки и износи, туку треба да се зборува личности, за луѓе, за деца, за стари и изнемоштени, за лица со посебни потреби, за лица со ретки болести. Затоа Програмата не треба да се сведува на бројки и статистички податоци, помошта треба да биде директна и континуирана, а мерките кои се предлагаат треба да бидат конкретни мерки и да се од значење за најранливите категории граѓани.

Од Советничката група на СДСМ поднесе неколку амандамни по оваа точка и тоа:

Амандман 1.

Во поглавјето V.1.Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица се додава:

- Субвенционирање на сметки за струја, вода и греење

Во врска со овој амандман тој даде и образложение при што истакна дека со овој амандман се решава најчестиот проблем што го посочуваат граѓаните –плаќање на сметки за струја, вода и греење за социјално загрозени семејства.

Амандман 2.

Во поглавјето V.3. Социјална заштита на стари и изнемоштени лица,преку социјалната услуга помош и нега во домот се додава:

- Еднократна и сезонска финансиска помош за пензионери со ниски пензии
- Воведување редовна финансиска поддршка за најзагрозените

Образложението беше дека со овој амандман се дава финансиска помош на пензионерите со ниски пензии и финансиска поддршка на најзагрозените пензионери. Во Програмата пишува дек Центарот за социјални работи констатирал дека на подрачјето на нашата општина има 188 стари и изнемоштени лица од кои 62 живеат сами, се без семејна грижа и без секаква помош.

Амандман 3.

Во поглавјето V.4. Помош и грижа за лица со посебни потреби се додава:

- Субвенции за медицински и ортопедски помагала
- Поддршка за рехабилитација и континуирана грижа

Тој рече дека со овој амандман се обезбедуваат субвенции за медицински и ортопедски помагала, поддршка за рехабилитација и континуирана грижа за лица со посебни потреби.

Амандман 4.

Во поглавјето V.5. Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание се додава:

- Финансиска поддршка за оброци за деца од социјално загрозени семејства
- Поддршка за деца со попреченост, со покривање трошоци за терапии и превоз
- Посебни мерки за млади од Делчево кои сакаат да се школуваат, но немаат финансиски услови.

Со овој амандман се обезбедува финансиска поддршка за оброци за деца од социјално загрозени семејства, покривање на трошоци за терапии и превоз за деца со попреченост и посебни мерки за млади кои сакаат да се школуваат, но немаат финансиски услови.

На крајот од својата дискусија, Игор Гошевски побара пауза од претседателот за разгледување на амндманите поднесени од нивна страна.

По паузата никој друг, не се јави за збор на гласање беше ставен Амандман 1.

Од присутни 12, со 3 гласа „ЗА“ и 9 „ВОЗДРЖАНИ“ амандманот не беше усвоен.

На гласање беше ставен Амандман 2.

Од присутни 12, со 3 гласа „ЗА“ и 9 „ВОЗДРЖАНИ“ амандманот не беше усвоен.

На гласање беше ставен Амандман 3.

Од присутни 12, со 3 гласа „ЗА“ и 9 „ВОЗДРЖАНИ“ амандманот не беше усвоен.

На гласање беше ставен Амандман 4.

Од присутни 12, со 3 гласа „ЗА“ и 9 „ВОЗДРЖАНИ“ амандманот не беше усвоен.

Тони Стаменковски рече дека во Табеларниот приказ се гледаат средствата и изворите на средства што се предвидени за оваа Прогарма, па ја праша образлагачот што ќе се случи доколку не се обезбедат доволно средства за реализација на сите мерки предвидени со оваа Програма?

Сузана Петровска рече дека во Извештајот за реализација на оваа Програма ќе се констатира кои активности не биле реализаиран, причините зошто не се реализирани тие мерки или активности и тој Извештај ќе биде на дневен ред на седница на Совет.

Тони Стаменковски ја праша С.Петровска во кој обем се реализирани активности и мерки предвидени со Програма за социјална заштита за 2025 година?

Таа одговори дека Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за 2025 година се уште не е готов, кога ќе биде целосно завршен советниците ќе го добијат и ќе може да се види кои активноти и мерки и во кој обем (%) биле реализирани.

Игор Гошевски рече дека на денешната седница беше донесена и Програма за јавни работо за 2026 година па ја праша образлагачот вдали тие две програми се синхронизирани, бидејќи во Програма за јавни работи ангажираните лица ќе бидат ангажирани 11 месеци, а во Програматза социјална заштита пишува 1 месец?

С. Петровска рече деак програмите се синхронизирани, ова што тука го гледате како 1 месец или 30 дена е периодот на ангажирање за кој средствата за исплата на ангажираните лица се планирани од АВРМ, а другите најверојатно се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево, рече таа.

Игор Гошвески рече дека според него има несогласување на бројките, односно сумите за буџетот за реализација на овие две програми. Од страна на образлагачот по точката – Програма за извршување на јавни работи за 2026 година, било кажано дека вкупно потребни средства за реализација на Програмата за јавни работи за 2026 година се 6.224.480,00, а во Табеларниот приказ даден во Програмата за социјална заштита се други износи, односно има несповпаѓање. Исто така тој ја праша од каде ќе се обезбедат средства за оваа Програма (која ставка и Програма во Буџетот) во вкупен износ 10.832.339 бидејќи во Буџетот за 2026 година што го донесе Советот за Програма социјална заштита се предвидени средства 1.417.000?

Сузана Петровска рече дека тоа е така бидејќи во Програма за социјална заштита се само дел од предвидените средства за Програмата за јавни работи за 2026, во Табеларниот приказ се наведени ставките, одговорот од финансии е дека нема посебна ставка и Програма за нашите програми што ние ги изготвуваме и дека средства се предвидуваат во посебниот дел на буџетот по програми.

Игор Гошевски побара образлагачот да му даде писмен одговор:

-Во која Програма и во која ставка се предвидени средства од 10.832.339 денариза реализација на Програмата за социјална заштита за 2026 година?

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласањље.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

Единаесетта точка-Предлог-Одлука за именување на членови на Совет за социјална

заштита на Општина Делчево;

И оваа точка ја образложи Сузана Петровска-Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси која истакна дека со оваа Одлука се именуваат членови на Советот за социјална заштита на Општина Делчево. Првпат таков Совет е формиран во 2019 година, а овој веќе ќе биде трет совет по ред. Законски основ за донесување на оваа одлука е член 11 став 1 алинеа 4, член 141 и член 142 од Законот за социјалната заштита. Таа истакна дека член 2 од оваа одлука се наведени сите членови на овој Совет при што беа прочитани од нејзина страна и рече дека Советот за социјална заштита на Општина Делчево изготвува Социјален план за подрачјето на Општина Делчево, врз основа на кој план Градоначалникот на Општина Делчево изготвува Годишна програма за социјална заштита, која ја донесува Советот на Општина Делчево по претходно мислење од Министерството за труд и социјална политика на РСМ,предлага локални мерки и активности за социјална заштита.Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита изнесува 4 (четири) години сметано од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за социјална заштита.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ„, Советот на Општина ДЕлчево ја донесе оваа одлука.

**Дванаесетта точка-Предлог-Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2026 година;**

И оваа точка беше образложена од страна на С.Петровска која истакна дека оваа Програма се донесува врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа и член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените. И оваа програма има вовед, појдовна/законска основа, цели и приоритетни области на делување. Во претходните 3 програми за еднакви можности се застапени тие приоритети, некои од нив се реализирани делумно, некои целосно, некои не. Општина Делчево одговорно и посветено работи на создавање еднакви можности на жените и на мажите во Општината и имплементација на надлежните законски одредби и пред сѐ на почитување на правата и на слободите, независно од полот. Во таа смисла, изминатиот период Општина Делчево има донесено низа документи, анализи и локални програми во кои јасно е нотиран и имплементиран концептот на еднаквите можности. Меѓу другото, Општина Делчево ја донесе и втората Стратегија за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2023 – 2026 година со Акциски план кој се базира врз основа на претходната анализа на постигнувањата од актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022.

Исто така, во текот на 2024 година, се изработи и Протокол за комуникација и еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Делчево (08-1032/1 од 11.07.2024), документ кој има за цел да го олесни процесот на комуникацијата на одговорното лице-координатор/ка за еднакви можности со внатрешната јавност, како и со надворешната јавност со цел навремена и точна комуникација со сите засегнати страни, да се олесни процесот на собирање родово разделени податоци во насока на анализа и согледување на потребите на жените и на мажите во Општината и соодветна реакција од службите во Општината.

Во однос на вклучување на родовите перспективи во главните текови и интегрирање на родовата перспектива во секоја од програмите на Општината (согласно со член 4 став 1 точка 10 од Законот за еднакви можности на жените и мажите), Општина Делчево за 2025 и за 2026 г. подготви 10 програми кои се родово сензитивни.

Со изготвувањето на овие родово сензитивни програми, за прв пат може да се констатира дека еднаквите можности се имплементирани во поголем дел од општинските програми и планови, а јазикот кој се користи во локалните документи е родово сензитивен и се користат родово разделени податоци за корисниците на програмата.Општина Делчево редовно собира родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и ги користи при анализи за одредени состојби и го унапреди процесот на собирање податоци кои сега се собираат во ексел табела, каде се ажурираат редовно статистичките податоци од сите институции при што се следи движењето на податоците. Овие податоци се и јавно објавени на веб-страницата. Вкупната вредноста на Програмата изнесува 415.000 денари. Тоа не се многу средства и не значи дека оваа Програма треба да се реализира само од страна на КЕМ. Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации, проекти и средства од  Буџетот на Општина Делчево, рече С.Петровска.

За активностите од областите што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појаваат дополнително во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево. Доколку имате, прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски од СДСМ кој истакна дека и оваа Програма треба континуирано да се надградува и целосно да се реализира/ Што се однесува на буџетот/средствата за реализација на истата, тој  праша од кои ставки и од кои програми ќе бидат обезбедени средствата за реализација на оваа Програма? Ако вкупниот буџет е 415.000, а 70.000 денари ќе се обезбедуваат од страна на Буџетот на Општина Делчево (како што спомнала образлагачот), од каде ќе бидат обезбедени другите средства (остатокот)?

Сузана Петровска рече дека секогаш кога од Одделението за финансии се бара посебна ставка за програмите, одговорот е дека не може секоја програма да има посебна ставка, па така и за оваа, тоа се одговорите од финансии, рече таа.

Игор Гошевски побара писмен одговор на неговото прашање.

Адријана Илиевска Велковски рече дека оваа точка била разгледана на Комисијата за еднакви можности, ја оценила како добра и ја усвоила.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

**Тринаесетта точка- Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година;**

Образлагач и по оваа точка беше која истакна дка пред советниците на дневен ред е Измена ГПВ за 2026 година која што рече дека ова е прва измена на ГПВ на Општина Делчево за 2026 година. На почетокот е табелата за тековна состојба, односно вкупната бројка на вработени во Општина Делчево, потоа планирани унапредувања, планирани испразнувања на работни места, планирани нови вработувања. Во врска со унапредувањето, таа истакна

дека се планира 1 унапредување од звање советник во звање Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси. Во табелата за испразнување на работни места по основ на пензионирање таа истакна дека се планира испразнување на 2 места. Две колешки, архивар и раководител на Одделение за ЛЕР, треба да заминат во пензија со исполнување на условот за старосна пензија. Можеби согласно законот некој и ќе продолжи, но како и да е, тоа мора да се стави во планот.Во табелата за нови вработување, таа истакна дека во оваа Табела се наведени сите слободни работни места кои се систематизирани во Правилникот за систематизација, а не се пополнети и ги прочита сите слободни места. Таа ги информираше советниците и за распишаните тековни огласи, како и за завршувањето на постапка во ТППЕ со именување на командир на ТППЕ и командир на Одделение.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека со овие Измени на Годишниот план за вработување се планираат 21 нови вработувања, 17 нови, 2 по основ на пензионирање и 2 во ТППЕ упразнети.

Сузана Петровска рече дека тоа е само план, не значи дека сите ќе се пополнат.

Игор Гошевски рече дека моментално се вработени 66. Со планот се планираат 17 нови тоа е 1/3 од сегашната бројка на вработени. Ако се соберат сите суми дадени во Табелата кои се за бруто плата на годишно ниво, вкупно се околу 12 милиони. Прашањето е од каде ќе се обебедат средства за плата и кога се прави ваков план од која се бара согласност?

Сузана Петровска рече дека ова прашање не е за неа, одговор треба да се бара од други служби.

Процедурално регаираше Игор Гошевски кој му рече на претседателот дека треба за наредни седници да се обезбеди присуство на претставници на општинската администрација кои ќе даваат одговори на прашања во врска со точките на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 3 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Одлука за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2026 година;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево за 2026 година;**

Образлагач по оваа точка беше Даниела Такева-Советник за протокол на градоначалникот и односи со јавност. Која истакна дека комуникациите со јавноста се еден од најзначајните сегменти од функционирањето на една локална самоуправа согласно со највисоките европски и светски стандарди и претставува континуиран процес што овозможува двонасочен проток на информации меѓу Општината и целните групи на граѓани.

Со цел да ги зајакне капацитетите за достигнување на стандардите во областа на комуникацијата со јавноста, отчетноста и транспарентноста во работењето, Советот на Општина Делчево усвојува Програма за активностите на Општина Делчево во областа на комуникацијата со јавноста и промоција на Општина Делчево градена врз основа на

Стратегијата за надворешна комуникација за периодот 2020-2024, усвоена на 34. седница на Советот на Општина Делчево, јануари 2020 г (бр 09-51/1).Програмата овозможува идентификација на приоритетите во рамките на сложениот процес на комуникација со јавноста, како и јасно лоцирање на расположливите капацитети на овој план. Програмата за комуникација претставува рамка во која се предвидуваат активности насочени кон одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на жените и мажите, девојчињата и момчињата во Општина Делчево.Основната функција на Програмата за промоција и комуникација со јавноста е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на Единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ги дефинира активностите и алатките со кои тие ќе се спроведат. Таа опфаќа и мерки за постојано ажурирање и подобрување. За спроведување на Програмата ќе се користат расположливите човечки и финансиски ресурси. Во насока на унапредување на комуникацијата, за одредени активности ќе се користат и дополнителни ресурси.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на градоначалникот на Општината. По потреба, Програмата ќе се ажурира, во насока на подобрување на нејзиното остварување.

Обврската на Општина Делчево за информирање на јавноста произлегува од членот 8 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник“ на РМ бр 5/2002), како и одредби во Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл. весник“ бр. 201/15), Стратегија за транспарентност на Владата 2023/2026 и др., како и Глава VIII Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер (член 109 до 118 ) од Статутот на Општина Делчево (број 07-2791/1 од 2013). Таа истакна дека сите советници ја имаат добиено Програмата и нема да должи повеќе, а тие доколку имаат прашања, слободно можат да прашаат.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Игор Гошевски кој праша од која ставка и од која програма ќе бидат обезбедени средствата за реализација на оваа Програма?

Даниела Такева рече дека нема информација и дека советкникот ќе добие писмен одговор.

Тони Стаменковски праша дали ќе биде транспарента лицитацијата на градежното земјиште во сопственост на РМ според Програмата за располагање со државно земјиште, што ја донел Советот на претходната седница?

Даниела Такева рече дека сѐ она што се доставува до неа како информација се објавува на официјалната веб страна на Општина Делчево.

Претседателот на Советот праша зошто се доцни со донесувањето на оваа Програма и истакна дека во голем дел е иста како ланската и дали истата е донесена на транспарентен начин?

Даниела Такева рече дека ланската програма немало ваква Програма, голем дел од неа се општи делови кои се исти секоја година и кои редовно се спроведуваат, во секоја програма. За доцнењето на Програмата таа рече дека тоа е заради нејзиното отсуство од работа 1 месец.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Програма.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите;**

Точката ја образложи претседателот на Советот кој истакна дека со оваа одлука се формира Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево. Комисијата се состои од 9 девет члена и тоа: двајца претставници на пациентите- членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од невладините организации што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општина Делчево.За членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево се избираат:Лидија Дамјанова-Здружение на пациенти дијабетичари, Ермина Реџепова-Здружение на пациенти, Милка Христова, доктор во пензија, Тонкица Петровска, доктор во пензија, Бети Толевска-Организација „ЖЕНА“,-Делчево, Александар Николовски, ЗГ „Бравура кооператива, Дејан Јовановски, член на Советот на Општина Делчево, Билјана Тодоровска, член на Советот на Општина Делчево, Тони Стаменковски, член на Советот на Општина Делчево, Горан Димитровски, член на Советот на Општина Делчево и Александра Гошевска, член на Советот на Општина Делчево

Членовите на комисијата не смеат да бидат вработени во здравствени установи во кои се укажува здравствена заштита. Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која рече дека 2 члена кои се предлагаат во оваа Комисија, Ермина Ибраимова и Билјана Тодоровска се вработени во здравствена установа.

Виктор Ѓорѓиевски рече дека одлуката треба да се коригира, а Горан Николовски истакна дека има повеќе пропусти и грешки и подобро било да се врат одлуката за доработка и усогласување со закононските одредби.

Едногласно со 15 гласа за беше донесен Заклучок за да се врати одлуката на доработка.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје;**

Точката ја образложи Николчо Стојменовски кој рече дека со оваа Одлука е формира Совет за јавно здравје на Општина Делчево, составен од 5 члена, од кои 4 члена-претставници на Општината (администрација и Совет на Општина) и 1 член-претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево.

За членови на Советот за јавно здравје се избираат:

1. Тони Стоименовски, претставник на Општината
2. Даниела Такева, претставник на Општината
3. Д-р Адријана Илиевска Велковски , претставник на Советот на Општината
4. Билјана Тодоровска, претставник на Советот на Општината

5. Иван Никовски, претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево

Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата бше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 глаза „ЗА“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Одлука.

**Седумнаесетта точа- Предлог-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите;**

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-Претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека со оваа одлука се формира Совет за заштита на потрожувачи и тоа:

1. Николчо Стојменовски, претседател (Совет на Општина)
2. Исусе Десподовски, член (Совет на Општина)
3. Александра Гошевска ,член (Совет на Општина)
4.Зоран Биковски,член, Организација ЖЕНА
5.Розета Такева, член, Организација ЖЕНА
6. Виктор Колевски,член- ЈКП „Брегалница“-Делчево
7. Ванчо Цонев,член- УЗ Трети реон Реон
8. Љупчо Димитровски,член – МЗ с. Драмче
9.Наташа Никовска,член- Државна пазарна инспекција

Членовите на советите за заштита на потрошувачите на општините, односно градот Скопје се избираат од редовите на советниците, здруженијата на потрошувачи и од други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комори и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат надлежности поврзани со заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите има задача да предложи локални двегодишни програми за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата на РСМ.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата бше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 глаза „ЗА“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа Одлука.

**Осумнаесетта точка- Предлог-Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Балас-Раководител со овластување на Регионалниот Центар за управување со кризи кој истакна дека Процената е донесена од страна на Советот на општина Делчево во 2023 година. Со Одлука бр. 09-1411/1 од 01.07.2023 година. донесена е ажурирана “Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности''.Согласно член 9 од “Уредбата за Методологија за изработка на процената за загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената'' (Службен весник на Р.М. бр.13 од 2011

година), “Процените на загрозеност на подрачјето на општините, и на градот Скопје'' се изработуваат во координиран процес на постојана комуникација, координација и размена на податоци информации и документи, помеѓу Регионалните центри и субјектите од системот за управување со кризи на локално ниво. Во член 14 став 1 од “Уредбата за Методологија за изработка на процената за загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената'' (Службен весник на Р.М. бр.13 од 2011 година), со одлука која се донесува од страна на Советот на општината, активностите за редовно ажурирање на “Процената на загрозеност на подрачјето на општините, и на градот Скопје, од сите ризици и опасности'' координирани од страна на надлежниот регионален центар за управување со кризи, отпочнуваат во текот на првиот квартал на годината. Врз основа на досега наведеното, бараме да донесете Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на “Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности'', донесена од страна на Советот на општина Делчево со Одлука бр. 09-1411/1 од 01.07.2023 година, со цел РЦУК – Делчево да пристапи кон прибирање на потребните податоци, информации и документи, кои ни се потребни за ажурирање на Процената, а со кои располагаат субјектите од Системот за управување со кризи на локално и национално ниво, рече тој и истакна дека Процената како документ е изработена со цел да го помага процесот на планирање и организација на системот за управување со кризи, донесувањето одлуки на надлежните институции, да ја поддржува комуникацијата, координацијата, соработката, партнерските односи и употребата на ресурсите заради превенција, рано предупредување и справување со сите ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните и природните богатства, како и општата безбедност на општината.

Претседателот отвори расправа по точката.Бидејќи никој не с ејавио за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Деветнаесетта точка- Предлог-Одлука за финансиска поддршка на Дарко Тасевски;

Образлагач по оваа точка беше претседателот на Советот Николчо Стојменовски кој истакна дека од страна на нашиот сограѓанин Дарко Тасевски е доставено барање за финансиска поддршка. Имено тој бара финансиска поддршка за промоција на музички албум „Светлината на светот“ и обработка на стари македонски народни песни во инструментална верзија од албумот „Параходот“. За таа цел тој предложи сума од 20.000 денари.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Игор Гошевски кој рече дека Дарко Тасевски е редок ентузијаст кој долги години работи посветено и твори во музичката област и предложи сумата да биде 30.000 денари.

Претседателот на Советот рече дека сумата од 20.000 денари е во договор со самиот барател кој истакнал дека можеби во иднина повторно ќе се обрати за финансиска поддршка и затоа е предложена сумата од 20.000 денари.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше

ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Стојне Величков;**

Точката ја образложи А.Соколовска која истакна дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП I бр. 12-2389 од 03.09.20111 година, од страна на Стојне Величков од с.Вирче – Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 2 изграден на КП бр.2947 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 38 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат. Земјиштето е приватна сопственост.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект станбена куќа зграда бр.3 по барање на Стојне Величков;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска која рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП I бр. 12-2389 од 03.09.20111 година, од страна на Стојне Величков од с.Вирче – Делчево за бесправно изграден објект, Објект станбена куќа – означен во елаборат како зграда бр. 2 изграден на КП бр.2947 КО Вирче запишана во имотен лист бр. 38 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“, 3 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и втора-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, објект со намена Ф5-други објекти на земјоделско земјиште зграда бр.1 по барање на Горанчо Иванов;**

Образлагач и по оваа точка беше Андријана Соколовска-Помлад соработник за уредување на градежно земјиште која истакна дека се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број УП I бр. 12-198 од 29.06.2018 година, од страна на Горанчо Иванов од ул.„Вељко Влаховиќ“ бр.43 – Делчево за бесправно изграден објект, Објект со намена Ф5 – други објекти на земјоделско земјиште – означен во елаборат како зграда бр. 1 изграден на КП бр.1745/1 КО Делчево запишана во имотен лист бр. 11715 и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.Земјиштето е приватна сопственост.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 4 „ВОЗДРЖАНИ“ и 1 не гласал, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Дваесет и трета точка- Предлог-Одлука за верификација на мандат на членови на Совет за млади;**

Образлагач по точката беше Милена Багевска-Службеник за млади која рече дека согласно член 36 од Законот за локална самоуправа и член 18 од Законот за младински политики , Советот на Општина Делчево донесува Одлука за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет при Општина Делчево. Таа истакна дека во изминатиов период се спровела целосна постапка согласно законот и се избранитчленовите на Советот за млади и тоа:

1. Искра Георгиевска - Тернипе МК (Ромски културен и едукативен центар) Делчево
2. Ивана Пејчиновска- КУД “Гоце Делчев” Делчево
3. Павел Салтировски - СОУ. М.М.Брицо Делчево
4. Ангела Велковски - “Црвен крст” Делчево
5. Ања Димитровска - СОУ.М.М.Брицо Делчево

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Делчево трае 2 години со право на уште еден избор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од присутни 14, сите 14 гласале „ЗА“ оваа точка, што значи дека Советот ја донесе Одлуката за верификација на мандат на членови на Совет за млади.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Младински центар Делчево за 2026 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анита Цоневска-Претседателка на Организација ЖЕНА Делчево која истакна дека оваа Програма е законска обврска и истата ја дефинира насоката на делување на Младинскиот центар преку конкретни цели, активности, индикатори и временска рамка, со цел да се поттикне развојот, инклузијата и благостостојбата на младите. Во Програмата, како што може да се забележи се наведени целите на Програмата, специфични цели, целните групи, принципите на работа и програмските цели. Ккао посебен дел на крајот од Програмата е даден и прилог со буџетот потребен за реализација на оваа Програма кој е 588.800С, од кој 31,93% се од Организација ЖЕНА, а 68, 07% од Буџетот на Општина Делчево. Доколку имате потреба од дополнителни информации или ако има прашања, повелете, рече Анита Цоневска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од вкупно присутни 14, сите гласаа „ЗА“, што значи Советот на Општина Делчево донесе Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на Младински центар Делчево.

**Дваесет и петта точка- Предлог-Одлука за парична помош по барање бр.21-161/1 од**

**20.01.2026 година;**

Образлагач по оваа точка беше Николчо Стојменовски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој истакна дека со оваа одлука се одобрува парична помош во износ од 45.000 денари на Ловечко здружение „ОСТРЕЦ“ Делчево.Средствата ќе бидат наменети за обезбедување на главната награда за Традиционалната ловечка вечер, ловечка пушка марка Baykal калибар 12.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчево на име Ловечко здружение „ОСТРЕЦ“ Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа точка.

**Дваесет и шеста точка-Предлог Годишна Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година;**

Оваа точка ја образложи Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека оваа Програма се изготвува врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање. Во споредба со ланската програма, што се однесува на делот на урбанистички планови, има додадено некои нови точки. *Точката 7. Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3, дел од Блок 3.1.* е додадена на предлог на Градоначалникот, како и точките:

*10. Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 –Стара касарна*

*11. Детален урбанистички план за Спортско рекреативен центар,, Пијанец,, УЕ 2 - Блок 2.4–*

*12. Урбанистички план за село Габрово*

*13. Урбанистички план за село Град*

*14. Урбанистички план за село Трабогивиште*

Последната точка која е додадена во Програма како точка 10.24. *УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за изградба на објекти со намена А4 – Времен престој и Е1 – Сообраќајни, линиски, површински соларни и фотоволтаични електрани и други инфраструктури КО Вирче, Општина Делчево. (КП бр.227/1, 228, 238, 240, 241, 242, 243 и 5548/2 КО Вирче),* **не треба да биде додадена** во делот **Урбанистички проекти** бидејќи тоа е урбанистички план, значи тредба да биде додадена во делот **А. Изработка на урбанистички планови,** како точка 15, нов план. Останатите планови во точка Б. се во тек и се по стара постапка. Програмата исто така предвидува и нови иницијативи кои ќе бидат во иднина дополнување на оваа Програма на наредни седници.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека оваа точка е точката за која тој поднел Барање за повлекување на истата или сите точки наведени во Програмата да се разгледуваат одделно.

„Во оваа програма сѐ е ставено на куп, и тоа што треба и тоа што не треба. Јавно прашувам, зошто ние како Совет не сме запознаени кој планира да инвестира во Делчево и што ќе се гради, кој ќе ги финансира плановите, Општината или инвеститорите? Исто така и лани, во претходниот состав на Советот како што реагирав, реагирам и сега за ДУП за Кожара

и ќе реагирам и во иднина. Сè додека не се донесе Генералниот урбанистички план, овој план не треба да се донесува. Во оваа Програма како инвеститори се јавуваат високи функционери на Општината, вработени во Секторот за урбанизам, нивни блиски, членови на нивните семејства, што директно значи судир на интереси", рече Т.Стоименовски.

Игор Гошевски, праша што конкретно значи точката *10.16* ***или Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во, Општина Делчево***

Имено, дали во Делчево ќе се депонира отпад од соседните општини?

Горан Петровски-образлагач на точката потврди дека според постојниот план така е предвидено. Тој истакна дека претходниот градоначалник ја кочел постапката, а и сегашниот ја блокираат постапката, исто така на некој начин постапката ја блокира и Секторот/ Одделението за урбанизам бидејќи нашата постојна депонија веќе нема капацитет ниту за одлагање на отпадот кој се собира од Делчево, а не за отпад од други општини. Моментално, постапката за депонијата е во застој се додека не се прошири површината на сегашната депонија, рече тој.

Игор Гошевски праша дали со гласањето на оваа Програма практично ќе стартува регионалната депонија што се најавува повеќе години назад?

Горан Петровски рече дека изгласувањето на оваа Програма не значи дека практично ќе стартува регионалната депонија, некои постапки се блокирани од разни причини, во претходните состави на Советот на Општината се носеа некои одлуки во врска со регионалната депонија, па на терен се уште нема ништо, во Македонска Каменица затварањето на депонијата е во завршна фаза, а кај нас е во застој бидејќи нашата постојна депонија нема капацитет, рече тој.

Игор Гошевски рече дека мора да се преземат сите механизми за да се спречи таквото решение, со цел да се заштитат граѓаните на Делчево од загадување на воздухот и подземните води.Во врска со точката **10.24.*УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО за изградба на објекти со намена А4 – Времен престој и Е1 – Сообраќајни, линиски, површински соларни и фотоволтаични електрани и други инфраструктури КО Вирче, Општина Делчево. (КП бр.227/1, 228, 238, 240, 241, 242, 243 и 5548/2 КО Вирче),*** се вклучени високи функционери од општината и од Секторот за урбанизам,. Тој праша дали има некоја потврда од ДКСК дека нема судир на интереси?

Горан Петровски истакна дека станува збор за иницијативи кои според законот се поднесуваат прво до Одделението за урбанизам, а потоа законски се ставаат во Програмата за изработа на урбанистички планови.

Николчо Стојменовски – претседател на Советот истакна дека има повеќе забелешки во врска со оваа точка. Доколку се направи споредба со програми од други општини излегува дека нашата е само список на желби.Како прво пробиен е рокот за донесување на оваа Програма согласно Законот за урбанистичко планирање, согласно законот Програмата требало да се донесе најдоцна до 31 декември. Исто така Програмата има недостатоци од нормативен и формален аспект, нема временска рамка, нема рокови, нема извори на финансирање, со 1 збор овој документ не ги исполнува условите за програма по дефиниција. Тој го праша образлагачот како и на кој начин поголем дел од вработените во Секторот за

урбанизам, ваши сопруги, роднини имаат поднесено иницијативи? Тоа е навистина сомнително, рече тој.

Горан Петровски рече дека Секторот за урбанизам има законска обврска сите поднесени иницијативи, доколку ги исполнуваат условите, да ги прифати и да ги предложи во Програмата за изработка на урбанистички планови, пред да дојдат пред советницит нив ги разгледува и одобрува посебна комисија за е-урбанизам.

Претседателот на Советот го праша Г.Петровски дали има личен интерес во овие програми, односно дали сопругата на Г.Петровски има поднесено ваква иницијатива?

Г.Петровски истакна дека постапката за таа иницијатива е поништена во системот уште во 2023 година.

Претседателот на Советот рече дека во иднина ваква Програма нема да се разгледува на Совет, нема да биде ставена на дневен ред и апелираше сите забелешки и недостатоци да бидат земени предвид кога ќе се изготвува нова програма.

Тони Стаменковски рече дека речиси сите советници имаат многу притисоци и забелешки по оваа точка, исто така таа неквалитетно изработена програма, пробиен рок, судир на интереси и затоа најдобро би било да се гласаат само оние точки во Програмата кои се во интерес на граѓаните (урбанизација на селските населби), а не точките од кои имаат личен интерес високи функционери и вработени во Секторот за урбанизам.

Игор Гошевски исто така се јави за збор и рече дека би било добро да се одделат точките кои се однесуваат на урбанистички проекти за селата Габрово, Град и Trаботивиште, да се побара и добие потврда од ДКСК дали има или нема судир на интереси.

Тони Стаменковски рече дека согласно Деловникот, гласањето може да биде и тајно доколку некој од советницита се плаши од притисок.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 4 „ПРОТИВ“ и 3 не гласале, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2026 година

**Дваесет и седма точка-Предлог- Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;**

Оваа точка ја образложи Звонко Атанасов кој рече дека Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во општината во тековната година. Во оваа програма се опфатени активностите преку кои ќе се овозможи реализација на утврдените градежни парцели согласно планската документација и искористување на потенцијалот на општината во делот на инвестиции во недвижности и градење, преку што се овозможува и развој на општината. Она што е важно да се каже е дека висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е иста како лани, не е покачена. Изготвена е врз основа на барања и приоритети на месните и урбаните заедници и на согледувањата на општинската администрација. Малку е проширена во обем во однос на ланската програма и можеби изгледа дека е преамбициозна, тоа е заради објавите и повиците кои се објавуваат и за да може Општината да аплицира ако има услови и за да не мора да се свикува седница само за тоа, ако имате прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2026 година;

**Дваесет и осма точка-Предлог-Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Ататанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај кој накратко ја обтразложи оваа Програма и истакна дека основна цел на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во општина Делчево е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита. Во оваа Програма се наведени започнати проекти (во изградба), како и оние за кои веќе има склучени договори. Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2026 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од страна на:

Буџет на Општина Делчево;

- Јавно претпријатие за државни патишта;
- Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој;
- Влада на Република Македонија (преку Министерствата и други извори);
- Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој;
- Центар за развој на источен плански регион;
- Проекти за меѓугранична соработка;
- Надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;
- други приходи.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Дејан Јовановски кој праша кога ќе започне реконструкцијата на ул. „Индустриска“?

Звонко Атанасов рече дека од понеделник треба да започне реконструкцијата на ул. „Индустриска“.

Виктор Ѓеорѓиевски праша дали ќеима проширување на улицата?

Звонко Атанасов одговори дека нема да има проширување, улицата ќе се реконструира.

Игор Гошевски праша дали со уредувањето на коритото на р. Габровчица ќе се санира оштетувањето на дел од улицата и дали може тоа да влезе како дополнување во проектот?

З.Атанасов рече дека тоа може да се реши со крпење на ударни дупки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а толката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа програма.

Дваесет и деветта точка-Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;

Образлагач по оваа точка беше Кире Цоневски-Соработник за превенција, заштита и спасување кој истакна дека во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои во соработка со другите надлежни субјекти ќе ги спроведе Општината (Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година, доставена од ЈЗУ ,,Центар за јавно здравје Кочани,), како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2026 година, согласно Законот за заштита и спасување("Сл.весник на Р.Македонија" бр.36/04 од10.06.2004 година"), како и" Процена на загрозеност од сите ризици" .

Во насока на превенција заштита и справување од пожари првично дејствува ТППЕ Делчево, кое нешто е регулирано во Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникари на РСМ.

Во тек е процес за редовно ажурирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување и мометално броји 20 припадници. За дооспособување и обновување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е превземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево. Тој рече дека исто така во оваа Програма е се опфатени и мерките за заштита од поплави.За справување со овој вид на елементарна непогода, а со цел заштита на животот и здравјето на граѓаните на Општината и нивните материјални добра, Општината има изготвено соодветен ,,Оперативен план за заштита од поплави,, со кој се предвидени, целите, мерките и активностите, критичните точки, ресурсите, како и потребните буџетски средства за остварување на Програмата во овој дел.

За спроведување на општите мерки за зштита на населението од заразни болести се спроведуваат мерки , т.е. ЈЗУ,,Центар за јавно здравје Кочани,, преку ПЕ Делчево изработува Програма(Стручен Елаборат), во која се опфатени следните општи мерки за заштита на населението од заразни болести:

1.Обезбедување на безбедна вода за пиење
2.Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби
3.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во објектите за храна
4.Обезбедување на санитарно-хигиенски услови во училиштата и предучилишните установи
5.Отстранување на цврстиот отпад и отпадните води на начин на кој ќе се овозможи заштита на човековата околина од загадување
6.Вршење на превентивна дезифекција, дезинсекција и дератизација во населените места и други јавни површини

Се спроведуваат и превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.Мерките се спроведуваат етапно, во текот на целата календарска година и според утврдената динамика, а финансирањето е со средства од Буџетот на општина Делчево. Вкупната сума за спроведување на предложената Програма за 2026 година ќе чини 967 500 денари, а доколку се прифати и авионско прскање против комарци (300 000), спроведувањето на Програмата ке ја чини Општината 1,266 *600* ден.

Според дадената проекција, за спроведување на предвидената Програма за 2026 година ќе бидат потребни 1,266 600 денари.

Давањето услуги на Општина Делчево на релација-оценка на кавалитет и здравствената исправност на водата од селските водоводи и јавните природни извори на вода, загаденоста на р.Брегалница, надзор во градинката и општата дезинсекција и дератизација ќе се регулира со посебен договор, склучен помеѓу Општина Делчево и овластените институции во државата. Ако имате прашања, повелете, рече тој.

Триесетта точка- Решение за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца- Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево;

Образлагач по оваа точка беше ВД директорката Виолета Гиздовска-Вршител на должноста директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која истакна дека мандатот на членовите на досеагшниот Управен одбор е веќе изминат и затоа има потреба од именување на нови членови на Управниот одбор на детската градинка. Според тоа согласно законските одредби од Законот за зштита на деца за членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево се именуваат: Влатко Цинцовски и Кристина С.Цинцовски од Советот на родители и Снежа Ѓеоргиевска како претставник од стручниот совет на установата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која ја праша директорката дали членовите Влатко Цинцовски и Кристина С.Цинцовски кои се предложени од Советот на родители се во некое сродство, или случајно имаат исто презиме.

Директорката рече дека тие се предложени од Советот на родители и таа не знае точно.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување членови на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево;

Триесет и прва точка-Предлог-Одлука за прифаќање донација од Друштво за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС“-ДООЕЛ Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици);

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска-Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општината. Која истакна дека оваа точка се предлага согласно член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа и член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Имено, со оваа Одлука Општина Делчево во својство на примател на донацијата ја прифаќа донацијата од Друштвото за трговија и услуги „М-Д РЕНТАЛС“ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. „ Борис Трајковски“ бр.5 во Скопје на нова вакумска метларка (машина за чистење на улици) во вредност од 399.992,00 денари со вклучен ДДВ.Донацијата не создава никаква корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес. Се задолжува Одделението за правни работи во Општина Делчево да изготви Договор за прифаќање на донацијата со давателот на донацијата и да ја спроведе законски утврдената постапка пред надлежните државни органи, а Градоначалникот на Општина

Делчево да го потпише договорот во име на Општина Делчево како примател на донацијата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

Триесет и втора точка- Предлог-Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година;

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека секоја годинСоветот на општина Делчево донесува Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот Оваа година во Буџетот на Општина Делчево за 2026 година тие се планирани во износ од 4.000.000 денари.Средствата се планирани во буџетската програма ЈД0-Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, расходно конто 485- Вложувања и нефинансиски средства. Ако имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Од вкупно присутни 13 во моментот на гласање, сите 13 гласаа „ЗА“ оваа точка.

Триесет и трета точка-Прашања и предлози на членови на Совет;

Игор Гошевски, од име на жители на село Габрово, до Градоначалникот

1. Група жители на село Габрово се незадоволни од ложо изградениот пат и бараат надлежни служби од Општината да излезат на лице место за да ја видат и констатираат фактичката состојба од неквалитетно изградениот пат за с.Габрово. Имено, при врнежи од дожд водата се задржува на дел од коловозот и банкината, при што го отежнува сообраќајот на возила и пешаци.

Тони Стаменковски праша

1.Кога ќе добијат улично осветлување граѓаните кои живеат во населба „Пролет“?

Горан Николовски, апел до службите кои се јавуваат како изготвувачи на материјали за седниците на Советот

1. Да се обрне поголемо внимание при изготвувањето на материјалите за седници на Совет бидејќи постојано се јавуваат грешки.

2. Да се изготват пречистени текстови на сите Правилници и програми кои имаат повеќе од 1 измена или дополнување.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Никоолчо Стојменовски